5

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр. 15 – 31531/2
20 X 2006 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0307-721/2
20.10. 2006 год.

# ПРОТОКОЛ
## за соработка
**склучен на ден 20.10. 2006 година**

**меѓу**

**Министерството за финансии, застапувано од Д-р Трајко Славески, министер**

**и**

**Државниот завод за ревизија, застапуван од Д-р Драгољуб Арсовски, главен државен ревизор**

**Член 1**

Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија (во натамошниот текст: двете страни) со потпишувањето на овој Протокол ја изразуваат волјата за меѓусебна соработка во поглед на размената на информации во областа на системот на финансиски менаџмент и контрола, внатрешната ревизија во јавниот сектор и државната ревизија.

Цел на соработката е да се овозможи успешно извршување на нивните функции во јакнење на системот на управување и контрола на јавните средства и обезбедување високо ниво на компетентност на двете институции во извршувањето на ревизиите.

Остварувањето на соработката меѓу двете страни, Министерството за финансии ќе ја реализира преку Секторот за централна внатрешна ревизија.

**Член 2**

Двете страни ќе соработуваат во согласност со Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, Законот за државната ревизија и подзаконските акти кои ја регулираат оваа област без повреда на одредбите од наведените закони и на Декларацијата од Лима за водечките упатства за принципите во ревизијата кои се однесуваат на Врховните ревизорски институции во однос на нивната независност.

**Член 3**

Двете страни взаемно ќе разменуваат информации за: прифатените стандарди за ревизија; методолошките упатства и прирачници за внатрешната и државната ревизија; годишните програми за ревизорските активности; ризичните области при планирањето на ревизиите; програмите за едукација на кадарот и други информации од заеднички интерес.

**Член 4**

Претставници на двете страни најмалку еднаш на шест месеци ќе се состануваат заради информирање и следење на спроведувањето на одредбите од овој Протокол.

**Член 5**

Двете страни во остварувањето на целите од овој Протокол, ќе работат професионално и одговорно, а податоците и информациите ќе ги користат само за интерни потреби и во согласност со важечките законски прописи.

Било какво објавување на информации во јавноста од другата страна, ќе се смета за прекршување на професионалните и етичките норми и ќе претставува нарушување на целта на овој Протокол.

**Член 6**

Двете страни можат да предложат измени и дополнувања на овој Протокол во писмена форма.

**Член 7**

Овој Протокол ќе се применува од денот на потпишувањето.

**Член 8**

Овој Протокол е составен во 4 (четири) примероци од кои по 2 (два) за секоја од страните.

| | |
|---|---|
| **За Министерство за финансии на РМ** | **За Државниот завод за ревизија** |
| **Д-р Трајко Славески** | **Д-р Драгољуб Арсовски** |
| **Министер** | **Главен државен ревизор** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0307-721/2
20. 10. 2006 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр. 15-31531/2
20 X 2006 год.
СКОПЈЕ

# ПРОТОКОЛ

## за соработка

**склучен на ден 20. 10. 2006 година**

**меѓу**

**Државниот завод за ревизија, застапуван од Д-р Драгољуб Арсовски, главен државен ревизор**

**и**

**Министерството за финансии, застапувано од Д-р Трајко Славески, министер**

### Член 1

Државниот завод за ревизија и Министерството за финансии (во натамошниот текст: двете страни) со потпишувањето на овој Протокол ја изразуваат волјата за меѓусебна соработка во поглед на размената на информации во областа на системот на финансиски менаџмент и контрола, внатрешната ревизија во јавниот сектор и државната ревизија.

Цел на соработката е да се овозможи успешно извршување на нивните функции во јакнење на системот на управување и контрола на јавните средства и обезбедување високо ниво на компетентност на двете институции во извршувањето на ревизиите.

Остварувањето на соработката меѓу двете страни, Министерството за финансии ќе ја реализира преку Секторот за централна внатрешна ревизија.

### Член 2

Двете страни ќе соработуваат во согласност со Законот за државната ревизија, Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор и подзаконските акти кои ја регулираат оваа област без повреда на одредбите од наведените закони и на Декларацијата од Лима за водечките упатства за принципите во ревизијата кои се однесуваат на Врховните ревизорски институции во однос на нивната независност.

### Член 3

Двете страни взаемно ќе разменуваат информации за: прифатените стандарди за ревизија; методолошките упатства и прирачници за државната ревизија и внатрешната ревизија; годишните програми за ревизорските активности; ризичните области при планирањето на ревизиите; програмите за едукација на кадарот и други информации од заеднички интерес.

**Член 4**

Претставници на двете страни најмалку еднаш на шест месеци ќе се состануваат заради информирање и следење на спроведувањето на одредбите од овој Протокол.

**Член 5**

Двете страни во остварувањето на целите од овој Протокол, ќе работат професионално и одговорно, а податоците и информациите ќе ги користат само за интерни потреби и во согласност со важечките законски прописи.

Било какво објавување на информации во јавноста од другата страна, ќе се смета за прекршување на професионалните и етичките норми и ќе претставува нарушување на целта на овој Протокол.

**Член 6**

Двете страни можат да предложат измени и дополнувања на овој Протокол во писмена форма.

**Член 7**

Овој Протокол ќе се применува од денот на потпишувањето.

**Член 8**

Овој Протокол е составен во 4 (четири) примероци од кои по 2 (два) за секоја од страните.

| | |
|---|---|
| **За Државниот завод за ревизија** | **За Министерство за финансии на РМ** |
| **Д-р Драгољуб Арсовски** | **Д-р Трајко Славески** |
| **Главен државен ревизор** | **Министер** |